РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

70 ГОДИНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 09-1139/1
25-11 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување средства за објавување научни трудови во престижни списанија (списанија со фактор на влијание според Clarivate Analytics или според Scopus) (бр. 02-496/35 од 30.5.2017 год), Комисијата за наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" објавува

# **К О Н К У Р С**

## **за поддршка за објавување трудови во престижни списанија за 2018 година**

1. Со овој Конкурс се доделуваат парични средства за објавување оригинални научни трудови во престижни списанија (реферирани во базите на **Clarivate Analytics или според Scopus**) за 2018 година:
   - Се доделуваат средства за објавување 20 оригинални научни труда од секое научно подрачје: (1) Природно-математички науки; (2) Техничко-технолошки науки; (3) Медицински науки и здравство (4) Биотехнички науки; (5) Општествени науки и (6) Хуманистички науки и уметности.
   - За подрачјата од 1 до 6 се доделуваат средства доколку трудот е печатен во списание регистрирано во базата на Clarivate Analytics. За подрачјата 5 и 6 средства може да се доделат и за трудови регистрирани во базата Scopus, доколку не е достигнат бројот од 20 поддржани публикации во даденото подрачје.
   - Доколку во одредено научно подрачје нема потребен број трудови (20), средствата што остануваат се распределуваат рамномерно по другите научни подрачја.
2. Право на учество на конкурсот имаат лица избрани во наставно-научни и научни звања кои се во работен однос на факултетите и институтите во состав на Универзитеот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Средства за објавување научни трудови во престижни списанија може да се доделат и на лица избрани во соработнички звања (асистенти, асистенти истражувачи) и асистенти-докторанди, кои се во работен однос на Универзитетот.
3. Кандидатите за добивањето на финансиските средства, **најдоцна до 30.12.2019 година, до продеканот за наука, односно до лицето одговорно за наука во единицата од соодветната научна област** (**соодветното научно поле**) треба да достават:
   - пријава;
   - кратка биографија;
   - еден примерок од секој труд кој е објавен во периодот од 1.1.2018 до 31.12.2018 година во списанија со фактор на влијание;
   - изјава дека за истиот труд **не се бараат финансиски средства од Министерството за образование и наука** или од друга институција.

4. Во постапката за избор секоја единица треба да:
    - изврши евалуација на поднесената документација од сите пријавени кандидати и да селектира најмногу 20 труда од единицата;
    - определи свој претставник во селекционата комисија за своето научно поле (доколку за тоа има потреба).
5. Комисијата за наука ќе ги формира селекционите комисии (доколку за тоа има потреба) за секое научно поле **најдоцна до 31.1.2020 година**. Постапката на евалуација на доставените пријави, се прави врз основа на **критериумите за поддршка за објавување трудови во престижни списанија.**

**Претседател на Комисијата за наука**

**Проф. д-р Владимир Петрушевски,**
**проректор за наука**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202
www.ukim.edu.mk